**20241843216**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 септември 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.34/24) во дел I став (2) воведната реченица се менува и гласи:

„Средствата за реализација на оваа програма во износ од 350.000.000,00 денари обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), Раздел 140.04 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 21 – Интервентен фонд за земјоделство, ставка 464 – Разни трансфери ќе се користат за следните интервентни мерки:“.

Во табелата во мерката 1 износот „150.000.000,00“ се заменува со износот „235.000.000,00“.

Во мерката 2 износот „150.000.000,00“ се заменува со износот „115.000.000,00“.

Во „Вкупно“ износот „300.000.000,00“ се заменува со износот „350.000.000,00“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „150.000,000,00“ се заменува со износот „235.000.000,00“.

Во табелата по подмерката 1.2. се додава нова подмерка 1.3. која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Финансиска поддршка за остварено и продадено производство на пченица | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година, кои имаат засеани и ожнеани површини со пченица и оствареното производство го имаат продадено кај регистриран откупувач во период од 15 јуни до 5 септември 2024 година, вклучително и за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>2. Максималната количина на пченица која е прифатлива за финансиската поддршка е 4.000 килограми по пријавен хектар по подмерка 1.1. |

| | | |
|---|---|---|
| | | „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 3 денари по килограм. |

“.

III

Во делот III по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Финансиската поддршка од дел II за подмерката 1.3. „Финансиска поддршка за остварено и продадено производство на пченица“ од оваа програма, ќе се врши врз основа на податоци за продадена пченица кај регистриран откупувач во период од 15 јуни до 5 септември 2024 година кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство за секое земјоделско стопанство одделно, најдоцна до 30 септември 2024 година.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7981/3
3 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.